Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 62, 15 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во наставно-научното поле машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната областа подготовка на минерални суровини на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 15

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната и уметничка област џез гитара на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната облест менаџмент во царина и шпедиција на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле историски науки на Филолошки факултетот при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 31

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармакологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Испитување на машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ургентни состојби во стоматологијата” од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на материјалот за електронска скрипта по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето од доц. д-р Виолета Николовска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА**на „Практикум“ по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на интерна скрипта по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 74

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**на интерна скрипта по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**

Со Одлука бр. 1602-60/4 од 5 мај 2011 година, Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на својата редовна седница одржана на 4 мај 2011 година ги избра за рецензенти:

1. доцент д-р Војо Беловски, претседател;
2. доцент д-р Љупчо Сотироски, член;
3. вонреден проф. д-р Љупчо Блажевски;

со задача да изготват и достават писмен извештај – рецензија на интерна скрипта по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет.

По деталниот преглед на ракописот за интерна скрипта, Комисијата во горенаведениот состав го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Интерната скрипта е од областа на трудовото право. Составена е од 9 дела, кои содржат поглавја, според Наставниот план и програмата на Правниот факултет на сите насоки. Предметот за кој е наменета интерната скрипта се слуша во втора година во третиот семестар, на сите насоки, со неделен фонд на часови 2+1+1 со 6 кредити.

Ракописот има вкупно 101 страници (проред 1,5), од кои 97 основен текст и 4 страници библиографија. Скриптата е наменета за студентите на додипломски студии на Правниот факултет за сите насоки и е во согласност со Наставната програма по овој предмет.

Во првиот дел се дадени општите напомени за колективното преговарање, а воедно се определени поимот и дефиницијата на колективното преговарање.

Вториот дел ја обработува меѓународната правна рамка на колективното преговарање низ призмата на меѓународно-правните инструменти на ООН (Повелбата на ООН, Универзална декларација за права на човекот, Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, Копенхагенска декларација и др.), а во тој контекст и на МОТ (Меѓународна конвеција бр.87 за правото на здружување и колективно преговарање, Меѓународна конвенција бр.98 за правото на организирање и колективно преговарање, Меѓународна конвенција бр.154 за колективно преговарање, Меѓународната конвенција бр.131 за минимална плата, Конвенција бр.100 за еднакво наградување, како и Препораката бр.91 за колективното преговарање, Препораката бр. 92 за доброволно помирување и арбитража и Препораката бр.163 за колективно преговарање. Исто така, во овој дел се обработуваат и најважните правни инструменти за колективното договарање на ЕУ и Советот на Европа, а тоа се:

- Европската социјална повелба на Советот на Европа од 1961;
- Договорот за ЕУ (Договор од Мастрихт);
- Повелбата на Заедницата за основните социјални права на работниците од 1989 година
- Директивата 2002/14/ЕЦ.

Во третиот дел од скриптата е обработено колективното преговарање во РМ, односно правната и институционалната рамка на колективното преговарање. Притоа се анализирани најважните правни акти, како што се: Уставот на РМ, Законот за работни односи и Спогодбата за формирање на Економско-социјален совет на РМ.

Во четвртиот дел се опфатени субјектите на колективното преговарање, при што авторот дава важен акцент на здруженијата на работниците (синдикатот) и здруженијата на работодавачи, моделите на нивното претставување, постапката за утврдување на репрезентативност на синдикатот, односно работодавачите, критериумите за репрезентативност и др.

Во петтиот дел е обработено колективното преговарање во РМ, при што тој ги објаснува нивоата на колективно преговарање. Исто така, во овој дел е опфатено и значењето на колективното преговарање (економско, социјално, правно, политичко).

Шестиот дел од скриптата се однесува на економско-социјалниот совет на РМ и на неговата важност за развојот на социјалниот дијалог, односно во креирањето на економски и социјални политики во државата. Во овој дел авторот става акцент на функционирањето, структурата на органите, начинот на одлучувањето на ЕСС и др. Исто така, авторот се задржува и на историскиот развој на оваа институција во светот и во Европа.

Во седмиот дел авторот го обработува правото на штрајк. Во овој дел тој посебно се осврнува на содржината на меѓународно-правните инструменти за правото на штрајк, каде ги обработува Универзалната декларација за правата на човекот на ООН и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права од 1966 г. Исто така, авторот на ракописот скриптата ги анализирал и меѓународните акти на МОТ (конвенции и препораки) за правото на штрајк, а како особено важни ги издвоил Конвенцијата бр.87, Конвенцијата бр. 98, како и Препораката бр.92. Во овој дел тој се осврнува и на најважните правни инструменти во Европа, како што се Европската конвенција за заштита на човековите права и Европската социјална повелба на Советот на Европа.

Освен меѓународните и европските инструменти за правото на штрајк, тој посветил внимание и на правото на штрајк во законодавството на РМ, особено на ЗРО, каде направил опсежна анализа на постапката за организирање на штрајк.

Осмиот дел од скриптата го опфаќа мирното решавање на индивидуалните и колективните работни спорови, односно помирувањето, посредувањето и арбитражата.

Деветтиот дел од скриптата се однесува на инспекцискиот надзор во областа на работните односи. Притоа, авторот се задржува на значењето на инспекторот на трудот како важен државен контролен механизам во примената на прописите од работните односи и колективните договори. Во тој контекст, тој ги потенцира правата и обврските на инспекторот на трудот кога некој ќе побара остварување и заштита на правата од работен однос.

Во десеттиот дел од скриптата се обработува пензиско-инвалидското осигурување во РМ.

Единаесеттиот дел се однесува на осигурувањето на вработените во случај на невработеност, каде се дава акцент на висината, времетраењето и престанокот на правото на паричен надоместок.

Дванаесеттиот дел се однесува на правото на задравствено осигурување, каде се опфатени осигурениците, паричниот надоместок, надоместокот од плата, доброволното осигурување и матичниот лекар.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Материјалот што е содржан во скриптата е во согласност со Наставниот план и програмата по предметот Трудово право и во целост ги исполнува потребите, условите и стандардите да се користи како учебно помагало на студентите по предметот Трудово право.

.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доцент д-р Војо Беловски, претседател, с.р.**
**Доцент д-р Љупчо Сотироски, член, с.р.**
**Вонреден проф. д-р Љупчо Блажевски, член, с.р.**